СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д 27.05.2014 год. БРОЈ 6 ГОДИНА 49 |
|---|---|

## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за верификација на мандат на член во Советот на општина Охрид | 4 |
| 2. | Решение за именување на Претседател на Статутарно-правната Комисија | 5 |
| 3. | Решение за именување член во Комисијата за јавни и комунални дејности | 6 |
| 4. | Решение за именување член во Комисијата за месна самоуправа | 7 |
| 5. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид за усвојување на физибилити студија. | 8 |
| 6. | Одлука за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за имплементација на електронски систем за организирање и наплата за паркирање на јавните паркинг простори. | 10 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година . | 11 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година. | 20 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | 21 |
| 10. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната | 22 |

| | | |
|---|---|---|
| | Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2014-2016 за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за уредување на градежно земјиште 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03. 2014 година. | **23** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **25** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавна чистота за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **26** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за јавно осветлување 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **27** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **28** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **29** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **30** |
| **18.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година. | **32** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој, Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2013 година. | **33** |
| **20.** | Одлука за усвојување на финансискиот Извештај на РЕ Водовод Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **34** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец“-Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **35** |

| | | |
|---|---|---|
| **22.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **36** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените разултати на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **37** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „Погребни услуги“-Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **39** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „Билјанини Извори“–Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **40** |
| **26.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година. | **41** |
| **27.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за покренување иницијатива за оформување автопазар на територијата на општина Охрид. | **42** |
| **28.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП Градски Пазар Охрид. | **45** |
| **29.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар Охрид. | **47** |
| **30.** | Одлука за авто-такси превоз на патници во општина Охрид. | **49** |
| **31.** | Одлука за отпочнување на постапка за стечај на туристичко биро Лихнидос ДООЕЛ Охрид. | **53** |
| **32.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2014 година. | **54** |
| **33.** | Одлука за утврдување на почетната цена за поставување на рекламни паноа-билборди | **57** |
| **34.** | Одлука за пренесување право на сопственост на движни ствари од општина Охрид на ЈП „Градски гробишта“ Охрид | **58** |
| **35.** | Одлука за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на трасата на сообраќајната инфраструктура Кп бр.11124 КО Охрид 2. | **59** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за верификација на мандат на член во Советот на општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4822/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02), член 18, 19 и 20 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07) и член 12 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

1. Се верификува мандатот на членот во Советот на општина Охрид **ВИОЛЕТА МИЦКОСКА.**

2. Мандатот на именуваната ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот на општина Охрид.

**Број 07- 4822/3**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТАТУТАРНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за именување Претседател на Статутарно-правната Комисија , што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4822/4**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 43 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТАТУТАРНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА

1. За Претседател на **СТАТУТАРНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА** се именува:

**ВИОЛЕТА МИЦКОСКА**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4822/4**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за именување член во Комисијата за јавни и комунални дејности , што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4822/5**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески ,с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 46 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

1. За член во **КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** се именува **:**

**ВИОЛЕТА МИЦКОСКА**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4822/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за именување член во Комисијата за месна самоуправа, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4822/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 50 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

1.За член во **КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА** се именува:

**ВИОЛЕТА МИЦКОСКА**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4822/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид за усвојување на физибилити студија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката на Управниот Одбор на ЈП „Билјанини извори“- Охрид бр.02-241/2 од 14.03.2014 година, за усвојување на Физибилити студијата за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за имплементација на електронски систем за организирање и наплата на паркирање во град Охрид за потребите на ЈП „Билјанини извори“- Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/4**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И НАПЛАТА ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за имплементација на електронски систем за организирање и наплата за паркирање на јавните паркинг простори, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/5**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И НАПЛАТА ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката на Управниот Одбор на ЈП „Билјанини извори“- Охрид бр.02-52/4 од 03.02.2014 година, за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за имплементација на електронски систем за организирање и наплата на паркирање на јавните паркинг простори кои на ЈП „Билјанини извори“- Охрид му се отстапени на користење.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4429/5**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07 –4429/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2014 до 31.03.2014 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Процесот на буџетирање е една од најважните активности на локалната самоуправа и една од најзначајните активности во задоволувањето на секојдневните потреби на граѓаните,

поради што бара и директна вклученост на сите граѓани, здруженија на граѓани и целокупната администрација во процесот на изготвување на буџетот како единствен годишен развоен документ. Квалитетот на извршувањето на обврските и целосното одговарање на предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа во однос на решавањето на проблемите и потребите на граѓаните, безусловно бара ефикасен процес на планирање и реализација на буџетот на локалната самоуправа и реализација на низа активности во надлежност на општината.

Процесот на децентрализација и суштинската фискална децентрализација во нашата земја започнува со законските реформи кои се случија во 2005 година со кои реформи се започна спроведување на еден процес на децентрализација на надлежности од централно на локално ниво. Крајниот ефект од овие промени треба да преставува бенефит за сите граѓани во смисла подобрување во управувањето со финансиските текови на локално ниво, контрола на извршувањето на буџетот и се поголема транспарентност во трошењето на средствата планирани во истиот.

Процесот на буџетирање е перманенетен процес кој започнува со изработка на годишен план и програми и трае се до крајот на буџетската година кога истите треба целосно или во голема мера да бидат исполнети. Од квалитетот на вака спроведените активности ќе зависи и квалитетот на живеењето во соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Остварувањето на целите на ЕЛС од аспект на задоволување на севкупните потреби на граѓаните и успешно функционирање на општинска администрација е невозможно без квалитетно планирање на приходите и расходите на општината. Квалитетот на извршување на обврските на ЕЛС, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината, поради што изготвување на транспарентен буџет е неминовност.

Законските реформи во Македонија од 2005 година со кои се започна спроведувањето на процесот на децентрализација имаа своја рефлексија и врз самиот процес на буџетирање на локалната самоуправа. Процесот на буџетирање е една од најзначајните активности во локалната самоуправа и поради тоа неминовно бара и вклучува повеќе сегменти во изработката на буџетот и целосна посветеност на сите засегнати страни во изготвувањето на квалитетен буџет.

Буџетот на општината, претставува годишен план за финансирање на функциите и обврските, а се состои од годишна проценка на приходите и трошоците по намени. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи потребно е во целост да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите. Процесот на буџетирање претставува една од најзначајните активности во локалната самоуправа и како таков е во цврста интегративна врска со процесот на стратешко планирање.

Во оваа смисла квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за квалитетно извршување на зацртаните програми и активности. Имајќи го во вид сето погоре кажано, Општина Охрид изготви буџетски календар со цел навремено и целосно да бидат согледани потребите на граѓаните од една страна и истите во согласност со законските прописи кои ја регулираат оваа материја да бидат имплементирани при усвојувањето на буџетот за 2014 год.

Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на блок дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 30.12.2013 година со Одлука бр. 07-8330/33 го утврди буџетот на Општината за 2014 година на износ од 960.480.000,оо денари. Со Одлука за проширување и измена на распоредот на средства на буџетот на општината, бр.

07-1522/4 од 13.02.2014 год. буџетот на општината беше утврден на 961.756.411,оо (проширувањето е извршено за средства во делот за донации).

**Приходи**

Финансиската автономија на локалната самоуправа е еден од најважните елементи во процесот на децентрализација. Оваа автономија, согласно одредбите од Светската декларација за локална самоуправа, се темели на неколку принципи, и тоа:

-органите на локалната власт треба да имаат на располагање сопствени средства со кои во рамките на своите надлежности слободно ќе располагаат,

-алокацијата на средствата на локалната самоуправа да биде во согласност со надлежностите кои ги има таа и да овозможуваат извршување на функциите на органите на локалната самоуправа, секое пренесување на нови функции и надлежности на локалната власт треба да биде проследено и со доделување на нови или дополнителни извори на приходи,

-дел од финансиите, локалната власт самостојно да ги обезбедува од наплата на локалните даноци, такси и придонеси и за истите да има право да ја утврдува висината на стапките,

-да се воспостави систем за финансиско поравнување а со цел зајакнување на финансиската автономност на финансиски послабите локални самоуправи,

-при распределбата на финансиските средства при воспоставување на правила за оваа распределба, да има загарантирано законско учество на локалната самоуправа,

-да се воспостави систем на ненаменски дотации од кој ќе биде исклучено можноста за мешање на централната власт.

Во денешни услови, во демократските општества, системот на финансирање на локалната самоуправа е комбинација од изворни приходи, односно приходи кои локалните власти имаат право и надлежност самостојно да ги прибираат, а тука спаѓаат пред се приходите по основ даноци, придонеси, надоместоци, приходи од сопственост и сл., приходи кои во одреден соодност се делат помеѓу централната и локалната власт и дополнителни средства кои локалната самоуправа може да ги добие во вид на трансфери, дотации, донации, субвенции, задолжувања и сл. Во Македонија, приходите на ЕЛС се стриктно утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Согласно овој закон, извори на финансирање на општината се: сопствени извори на приходи, дотации на средства од буџетот на централната власт и од буџетите на фондовите и задолжувањето. Како најзначајни приходи врз кои локалната самоуправа има директно влијание се издвојуваат сопствените приходи.

Во групата на сопствени приходи влегуваат

1. Локални даноци

-данок на имот,

-данок на наследство и подарок,

-данок на промет на недвижности и

- други локални даноци

2. Локални такси

-комунални такси,

-административни такси и

-други локални такси утврдени со закон

3. Локални надоместоци

-надомест за уредување на градежно земјиште

-надоместоци од комунална дејност

-надомест за просторни и урбанистички планови и

-други локални надоместоци утврдени со закон

4. Приходи од сопственост
-приходи од закупнина
-приходи од камати и
-приходи од продажба на имот
-приходи од донации
-приходи од парични казни утврдени со закон.
-приходи од самопридонес и
-други приходи утврдени со закон.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од планираните средства во буџетот за 2014 год. на општина Охрид, во висина од 456.461.000,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 456.461.000,оо денари е распределен по група на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------ 348.688.809,оо
- Неданочни приходи --------------------------------- 12.700.000,оо
- Капитални приходи ---------------------------------- 18.600.000,оо
- Трансфери и донации -------------------------------- 76.472.191,оо

По основ трансфери од државниот буџет за блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 358.839.000,00 денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 25.000.000,оо денари.

По основ донации за конкретни проекти за кои општина Охрид аплицирала пред соодветни меѓународни институции, во буџетската 2014 година проектиран е износ од 1.456.411,оо денари. Остварувањето на овој дел од приходот е условен од реализацијата на проектите доставени до разни домашни и меѓународни институции наменети за изградба на инфраструктурни објекти, одржување на културни манифестации и сл.

Согласно заложбите и активната политика на општината насочена кон изнаоѓање на решенија за подобрување на инфраструктурата во нашата општина и подобрување на квалитетот на живеењето на граѓаните на нашата општина поголем број проекти планирано е да се реализираат по пат на задолжување, со цел да се овозможи развојна компонента на градот. Имајќи ја во предвид ваквата ситуација во буџетот на општина Охрид се предвидоа средства во износ од 120.000.000,оо денари кои општината ќе ги обезбеди преку Министерството за финансии за средства од Светска банка со поволни кредити, ниска каматна стапка и рок на отплата над 5 (пет) години.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметководството, општина Охрид за првиот квартал остварила вкупен приход од 171.664.326,оо денари или процентуално изразено 17,85 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи.

Вкупно остварените 171.664.326,оо денари доколку се ставаат во соодност со податоците на вкупниот буџет без задолжување, ќе се констатира дека општина Охрид реализирала 20,39 % од вкупно проектираните приходи, што во суштина значи дека се движи во рамките на очекувањата со оглед на периодот кој го опфаќа односно периодот пред избори кога логично и очекувано е намаленото реализирање на програмите и предвидените приходи.

Ваквата ситуација и периодот кој поминува, недвосмилено укажува на потребата Општината во претстојниот период да превземе дополнителни активности и мерки за зголемување на остварувањето на планираните приходи во буџетот на општина Охрид.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2014** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **358.839.000** | **92.758.152** | **25,85** |
| **Самофинансирачки приходи** | **25.000.000** | **6.398.770** | **25,60** |
| **Даночни приходи** | **348.688.809** | **50.138.656** | **14,38** |
| **Неданочни приходи** | **12.700.000** | **3.069.173** | **24,17** |
| **Капитални приходи** | **18.600.000** | **2.711.778** | **14,58** |
| **Приходи од донации** | **1.456.411** | **1.396.411** | **95,88** |
| **Трансфери и донации** | **76.472.191** | **15.191.386** | **19,87** |
| **Кредити** | **120.000.000** | / | / |
| ***Вкупно*** | ***961.756.411*** | ***171.664.326*** | ***17,85*** |

Податоците дадени во табела укажуваат дека кај некои извори на приходи забележано е одредено отстапување во степенот на нивната реализација.

Највпечатливо отстапување се јавува кај даночните приходи во кои со најголем процент како и во номинален износ влегуваат приходите од уредување на градежното земјиште. Средствата по основ на самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на основните, средните училишта и детските градинки и кај истите мала е можноста за влијание на општинската администрација иако треба да се истакне дека овие приходи во опфатениот период се остваруваат во рамки на очекувањата.

Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции очекуваме до крајот на годината во целост да бидат реализирани. Споредбено за истиот период во буџетската 2013 година остварувањата се дадени во следната табела:

| | Вид на приход | Проектирано за 2013 | Остварено во прв квартал | % |
|---|---|---|---|---|
| | **Блок-наменски дотации** | **358.308.000** | **93.982.896** | **26,23** |
| | **Самофинансир.приходи** | **25.500.000** | **7.475.655** | **29,32** |
| | **Даночни приходи** | **464.897.756** | **89.247.459** | **19,20** |
| | **Неданочни приходи** | **13.600.000** | **3.056.992** | **22,48** |
| | **Капитални приходи** | **74.600.000** | **5.623.150** | **7,54** |
| | **Приходи од донации** | **3.000.000** | **1.578.071** | **52,60** |
| | **Трансфери и донации** | **44.094.244** | **12.257.504** | **27,80** |
| | ***Вкупно*** | ***984.000.000*** | ***213.221.727*** | ***21.67*** |

За остварувањата во првиот квартал во 2013 година, значајно е да се напомене дека во изворните приходи, во остварувањето на истите 54.949.382,оо денари се приходи кои се сметководствено прикажани а се остварени преку пресметки, односно, асигнации, цесии, компензации.

Споредбено 2014 год. во однос на 2013 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) односно на средства прибрани преку сметките на општина Охрид и следствено на тоа поминати низ трезорскиот систем, во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2014 год. 71.110.993,оо денари
- остварување во 2013 год. 55.235.723,оо денари

Остварувањето во 2014 год. аналогно на прикажаното остварување е за 28,74 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2013 година.

Доколку во анализата се вклучат и приходите остварени со пресметки односно асигнации, цесии и компензации (во делот на изворните приходи, односно основниот буџет) тогаш, остварувањето во 2014 година за првиот квартал е за 35,47 % помало споредбено со истиот период 2013 год.

Активната политика која општина Охрид ја води во однос на превземање на мерки за прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би резултирало со остварување на буџетот во планираните – рамки, во спротивно неопходен чекор би бил ревидирање на предвидените приходи и расходи и пристапување кон донесување на Одлука за измени и дополнувања на буџетот на општината, согласно позитивните законски прописи.

Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно напатствијата од МФ на РМ, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 31.03.2014 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај – образец К1 од каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со 31.03.2014 година.

**Расходи**

Според економската класификација, јавните расходи може да ги поделиме на тековни расходи, капитални расходи и други расходи. Врз база на оваа класификација и поделба се изработува и буџетот на локалните самоуправи, а врз основниот принцип на буџетска рамнотежа помеѓу приходите и расходите. Тековните расходи опфаќаат расходи за исплата на плати и надоместоци на вработените во администрацијата, набавка на разни стоки и услуги, расходи за режиски трошоци неопходни за функционирање на локалната самоуправа и нејзините органи, трошоци за социјални бенефиции, субвенции и трансфери и секако тука влегуваат и резервите и недефинираните расходи. Во капиталните расходи влегуваат сите оние инвестиции, кои имаат своја улога во развојот на општеството и се однесуваат на инфраструктурни вложувања. Тие расходи ги опфаќаат трошоците за набавка на опрема, набавка или изградба на градежни објекти, вложувања во нефинансиски средства за истражување и развој и слично, вложувања кои придонесуваат и водат кон подобра иднина на граѓаните. Токму поради ваквите карактеристики на овие расходи, по дефиниција, сите локални власти како и централните настојуваат овие расходи да бидат доминантни при планирањето на буџетите, но за жал овие расходи се распределуваат во буџетот, откако ќе бидат распределени тековните расходи неопходни за функционирање на локалната самоуправа.

Структурата на расходите во најголема мерка кај локалните самоуправи е зависна од овластувањата кои ги имаат локалните самоуправи и јавните услуги кои ги обезбедуваат, а најчесто тие се во областа на комуналната сфера, уличното осветлување, изградба и реконструкција на локалната инфраструктура и сл. Структурата на расходите се менува со влегувањето на општините во втората фаза од процесот на децентрализација и добивањето на овластувања во образованието, здравството и социјалната помош. Структурата на расходите во голема мерка е зависна од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со истите. Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните приходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата поодделно по програми заклучно со 31.03.2014 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства) распределени по трошок по програми прикажани се во следната табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 30,780,000 | 2,545,691 | 8.27 |
| До | Градоначалник | 3,981,147 | 684,402 | 17.19 |
| Д1 | Месна Самоуправа | 200,000 | / | / |
| Ео | Општинска администрација | 133,268,000 | 32,122,293 | 24.10 |
| Ф1 | Урбанистичко планирање | 5,000,000 | 696,868 | 13.94 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 53,200,000 | 9,120,226 | 17.14 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 3,400,000 | 80,000 | 2.35 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 8,000,000 | 1,469,843 | 18.37 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 500,000 | / | / |
| Ј3 | Јавно осветление | 46,000,000 | 9,993,820 | 21.73 |
| Ј4 | Јавна чистота | 5,000,000 | 1,125,293 | 22.51 |
| Ј6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 5,000,000 | / | / |
| Ј7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 8,500,000 | 173,837 | 2.05 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 3,720,000 | 550,000 | 14.78 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 39,511,553 | 4,818,588 | 12.20 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 7,700,000 | 200,000 | 2.60 |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 14,150,000 | 1,785,241 | 12.62 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 18,200,000 | 4,323,892 | 23.76 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 3,761,000 | 1,109,101 | 29.49 |
| Ло | Спорт и рекреација | 8,750,000 | 1,542,760 | 17.63 |
| Н1 | Основно образование | 21,260,000 | 1,001,797 | 4.71 |
| Н2 | Средно образование | 7,950,000 | / | / |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,600,000 | / | / |
| Т1 | Унапред.на здравствената заштита | 166,000 | / | / |
| В1 | Детски градинки | 12,040,000 | 273,732 | 2.27 |
| Ќо | Противпожарна заштита | 14,823,300 | 3,914,455 | 26.41 |
| | ***Вкупно*** | ***456,461,000*** | ***77,531,839*** | ***16.99*** |

Податоците во табелата согласно програмските активности се реален приказ на моменталната состојба на општина Охрид и се во согласност со финансиските капацитети на општината.

Реализација на активностите во програмите кои произлегуваат од процесот на децентрализација (основно и средно образование, детски градинки и ппз) во голема мера ќе зависи од степенот на остварување на вкупниот буџет на општината.

Искажаното во расходната програма, очекуваме процентуално и структурно да се подобри врз основа на голем број започнати проекти кои се во фаза на реализација и за кои во следниот период ќе бидат доставени ситуации кои ќе влијаат на вкупниот степен на нивна реализација.

**Број 07 –4429/6-1**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/7**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/7**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.03.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2014 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2014-2016 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.03.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2014-2016 за периодот од 01.01.-31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/9**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД 2014 – 2016 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03. 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Охрид 2014 – 2016 за периодот од 01.01. - 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07 –4429/9**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03. 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за уредување на градежно земјиште 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/10**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната Програма за уредување на градежно земјиште 2014-2016 година за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/10**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2014-2016 година за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавна чистота за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/12**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за јавна чистота за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/12**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за јавно осветлување 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/13**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната Програма за јавно осветлување 2014-2016 година за периодот од 01.01. до 31.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4429/13**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ 2014-2016 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.03.2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2014-2016 година за периодот од 01.01 до 31.03.2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година.

**Број 08-4429/14**
**26.05.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
